**БАРАЊЕ 23-1263**

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?

o Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката, и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обуката.

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

o Физички:

o Правни:

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

o Физички:

o Правни:

o Ве замолуваме за линкови до е-услугите на Вашата општина.

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?

o Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?

o Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.

o Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој.

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?

o Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуга со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

o Доколку не е предвидено воведување на нови дигитални услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

**ОДГОВОР 23-1263**

1. Да, во 2024 година , дел од вработените учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини. Две службени лица од Сектор за локален економски развој учествуваа на обука за дигитализација на процеси во Телеком , два пати годишно. Две службени лица од Сектор за јавни набавки учествуваа на обука за јавни набавки на тема "Нова online платформа и нови обрасци (eForms in Public Procurement) за објавување на огласите за јавни набавки во Службено гласило на ЕУ (TED)" , во март 2024 година.

2. Во врска со вашето прашање за број на услуги, Општина Кавадарци како транспарентна општина секојдневно испорачува голем број на услуги по сектори и тоа како пример : центарот за услуги со граѓани секојдневно услужува странки во однос на поднесување на барања, отворени прашања и разговори со странки за секојдневни проблеми, телефонски услуги, препраќање на странки до соодветни сектори, упис на странки за приемен ден со Градоначалник , уплата на административни такси според потребите на странките, упатување и информирање на странките за нивните поднесоци, издавање на уверенија и итн., а секој сектор исто така испорачува различни услуги соодветно со своите надлежности. Заради тоа, би можеле да наведете во вашето прашање за каква конкретна услуга станува збор за поконкретен одговор.

3. На веб страната на општината во делот обрасци, странките можат електронски да поднесат формулар (барање) за соодветната услуга која ја бараат, во делот е-општина можат да пријават проблем, во делот е-даноци можат да платат данок на имот на физички и правни лица и комунална такса (фирмарина) за правни лица. Преку системот за е-даноци се извршени 675 уплати за 2024 година. Преку системот за електронски пријави и барања се поднесени 147 поднесоци.

4. Во 2025 година не се предвидени нови дигитални услуги.
5. Во 2024 година не е спроведена анкета, меѓутоа граѓаните преку свои иницијативи и барања можат да доставаат свои мислења и предлози.
6. Општина Кавадарци не предвидува нови услуги во 2025 година.